Врз основа на член 19, точка 14, алинеја 4 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.12.2003 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ ВО КОИ СЕ ОГРАНИЧУВА СЛОБОДАТА НА ДВИЖЕЊЕТО, ПРЕСТОЈОТ ИЛИ НАСЕЛУВАЊЕТО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето.

Член 2

Зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето се делови од територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Република), од значење за одбраната.

Член 3

Зони во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето се:

- зона 1 - Серта - подрачјето ограничено со селата Хаџи Хамзали, Хаџи Реџепли, Чардак, Џидимирци и Мушанци;
- зона 2 - Пеколник - подрачјето ограничено со селата Здуње, Тажево, Борова Брезница и Долна Белица;
- зона 3 на делницата село Растеж - село Здуње - брана "Козјак" од патниот правец Скопје - Македонски Брод бр. 609;
- зона 4 на делницата село Старавина - село Витолиште - село Рожден од патниот правец Битола - Кавадарци бр. 702;
- зона 5 на делницата село Извор (Кичевски) "Јама" - "Бошков мост" од патниот правец Кичево - Дебар.
- зона 6 на делницата село Галичник - село Росоки, крак за село Селце бр. 613;
- зона 7 на делницата Битола - село Нижеполе - село Љубојно;
- зона 8 - Ивање - брана „Козјак" - Венец;
- зони во кои се наоѓаат главните постројки и објекти за снабдување со вода на поголемите населени места и градови и
- зони во кои се наоѓаат брани и други објекти на електростопанството и на хидро-мелиоративните системи.

Координатите на просторите со кои се определуваат зоните од став 1 на овој член претставуваат податоци од значење за одбраната и се составен дел на документите на Планот за одбрана.

Член 4

Зоните од член 3 на оваа одлука се заштитуваат со следните мерки на безбедност и заштита:

- поставување на знаци за забрана за движење, престој или населување;
- контрола на режимот на движењето, престојот и населувањето;
- физичко обезбедување;
- поставување на електронски уреди и други средства за заштита;
- заштита на техничката и друга документација и податоци.

Физичкото обезбедување на зоните од член 2 од оваа одлука го организира и спроведува Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за одбрана.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-5598/1
22 декември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.